**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ПЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 21.06.2019 година

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2019 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и петтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 21.06.2019 година**

Седницата започна во **10,10 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Георги Ќехајов - претставник на групацијата Скопски Саем, Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следната измена**:

Согласно извештајот од седницата на комисијата за локален економски развој, бр.09-2419/2 од 20.06.2019 година, точката 12. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 е **повлечена од предложениот дневен ред** за работата на комисијата.

Констатирам дека точката 12 не è дел од предложениот дневен ред, а точките редоследно од **"13" - "26"** ќе се разгледуваат како точки редоследно од **"12" - "25"**.

Од страна на членовите на советот беа предложени следните изменувања и дополнувања на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи изменување и дополнување на предложениот дневен ред и тоа:

Точката **3,** и точките редоследно од **7 - 25** да се **симнат** од предложениот дневниот ред, а истиот да се **дополни** со следната точка:

- Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Образложение на причините:

**За точка 3:** До нас како советници се пристигнати многу документи од претходниот сопственик, во насока на тоа дека се води судски спор. Кога ќе заврши судската постапка има волја кај нас како советничка група, овој предлог-ДУП да се донесе.

**За точки до 7-24:** Како советници не се согласуваме со ваков ребаланс на буџет и ваков распоред на средства со кои се кратат средства од развјните проеграми за капитални проекти а се зголемуваат средствата за неразвојни проекти. Ние не сме против ребаланс но не со ваков распоред на средствата

**За точка 25:** Како советници на една од претходните седници кога беше донесена одлуката чие поништување сега се бара, воопшто и незнаевме за што гласаме и покрај презентацијата тука пред овој совет. Ако советниците убаво ја прочитаа студијата за ЈПП за улично осветлување, ќе знаеа дека истата не è добра за општината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во својство на предлагач **ја повлекувам точката 1** од предложенот дневен ред.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Барам пауза од 15 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 15 минути.

**По паузата.**

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Истакна забелешка на присуството на претставникот од групацијата Скопски Саем на седницата на советот.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Претставникот од групацијата Скопски Саем е уредно најавен за присуството на седницата на советот (*беше прочитана содржината на барањето кое како*

*прилог кон електронската порака беше испратено до стручната служба)*.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Образложението за симнување на точките од предложениот дневен ред од страна на советникот Трајковски го слушнавме. Материјалот за седницата беше навремено доставен, претходниот ден сите предложени материјали беа поминати со позитивно мислење без никакви забелешки на седниците на работните тела. Некој сака да да си даде за право и прати пораки дека нема потреба да се реализираат капиталните проекти во општината. Околу развојните програми ја утврдуваме само динамиката во следните години околу тоа колку средства ќе се планираат за тековната и за следните години. Многу паушални оценки има и околу предложениот ДУП и причината поради која се предлага да се симне оваа точка. Од самиот почеток до сега со групацијата Скопски Саем бевме во контакт. Имотно-правните односи не се решаваат во општината, општината не è ниту судски орган. Информациите се во погрешна насока. Сите законски постапки кои му претходат на предложениот ДУП се запазени а добиена е и согласнот од МТВ во согласност со законот. Носењето на ДУП-ви а не мораториуми е единствениот начин за развој на оваа општина. Праќаме порака дека општината ќе се развива и ќе носи ДУП и тоа ќе ни биде приоритет. Имаме ребаланс на буџетот со кој се зголемуваат средствата во буџетот за над 41.266.000,00 денари наменети за капитални проекти за сите граѓани. Вие не сакате да се реализираат овие приекти во интерес на граѓаните, и тоа е јасно. Причините поради кои се предлага симнување на овие точки мора да бидат посериозно образложени. Со оглед на изнесеното, мене како предлагач не ми останува многу простор освен да го искористам моето деловничко право и да ги повлечам точките од 3-25. Вчера можевте да ги истакнете вашите забелешки пред комисиите. Околу последната предложена точка, ако две презентации со присутво на експерти а оваа област не беа доволни за советот да ја разбере суштината на оваа точка, јас незнам што дополнително треба да се стори за да се разбере потребата од ЈПП во делот на уличното осветлување. Уште пред да се започне постапката имаме опструкции и тука пораката до граѓаните е многу јасна. Најмногу ќе трпат тие. Општината досега потроши над 9.000.000,00 денари за неквалитетно сервисирање на уличното осветлување. Кажете кое сценарио од студијата за ЈПП ви одговора и јас ќе го поддржам. Но вие уште на сам почеток опструирате.

Поради изнесеното во својство на предлагач **ги повлекувам точките редоследно од 3 - 25**.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Го повтори предлогот за дополнување на предложениот дневен ред:

- Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Советничката група на коалицијата предводена од СДСМ никогаш нема да работи во спротивност на интересите на граѓаните на општината. Фактот што советничката група на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ го злоупотребува мнозинството од само еден глас во советот, па поради тоа го држи во заложништво

развојот на општината, ние како советничка група нема понатаму да учествуваме во работата на советот, се додека не се решите да работите во интерес на граѓаните.

*Коментар од стручната служба:*

*Советничката група на коалицијата предводена од СДСМ ја напушти седницата на советот.*

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "1" и редоследно од "3" до "25" се повлечени од предложениот дневен ред. Точката "2" ќе биде разгледувана како точка **"1"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"2"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "2" е составен дел од предложениот дневен ред.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 10 минути** (по сопствена оцена). Се задолжува стручната служба да изготви предлог дневен ред со усвоените измени и дополнувања.

**По паузата.**

За работата на седницата со **14 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за воспоставување на задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба за тековни и планирани активности на општинската администрација; и
2. Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба за тековни и планирани активности на општинската администрација.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.06.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за воспоставување на задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба за тековни и планирани активности на општинската администрација.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во својство на предлагач да изразам благодарност до статутарно-правната комисија како матично работно тело, за позитивниот став во однос на оваа Предлог-Одлука. Оваа Предлог-Одлука е предложена со цел да немаме во иднина несакани работи на самата седница на советот. Како што советниците се обврзани да расправаат и одлучуваат, така и општинската администрација има обврска да го информира советот за сите активности, се со цел советот да биде запознаен со сите планирани активности поединечно по сектори од општинската администрација.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на задолжително периодично информирање на Советот на Општина Гази Баба за тековни и планирани активности на општинската администрација, со **14 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 5 минути** (по сопствена оцена).

**Се задолжува комисијата за локален економски развој да одржи седница и да завземе став по однос на:**

- Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

**По паузата.**

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.**

Претседавачот со седницата на комисијата за локален економски развој - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.06.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за поништување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, со **14 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Дваесет и петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11,30 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**